# Е-ПАНЕЛИ: ПРОМОВИРАЊЕ НА ГРАЃАНС&#10

Copyright © BASSE-NORMANDIE MACÉDOINE

# 50;О
# УЧЕ&#105
# 7;ТВО
# И
# ВОЛ&#105
# 4;НТЕ&#10
# 56;СТВ&#1
# 054; ВО
# &#10 #1054;Ш&#104
# 8;РОК&#10
# 40;
# ЕВР&#105

BASSE-NORMANDIE MACÉDOINE

# 4;ПА

**@>3@0<0 :**

**!>>?HB5=85 70 <548C<8 :**



Соопштение за медиуми

ВОВЕДНА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА
Е-ПАНЕЛИ: ПРОМОВИРАЊЕ НА ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО И ВОЛОНТЕРСТВО ВО ПРОШИРЕНА ЕВРОПА
***09:30-16:00h, 3-4 март, 2010 г. Хотел Карпош, Скопје***

Почитувани,

**Центарот за регионални истражувања и соработка "Студиорум"** од Скопје и **Асоцијацијата на агенции на локална демократија (АЛДА)** од Стразбур со задоволство Ве покануваат на Воведната меѓународна конференција за започнување на проектот **"Е-панели: Промовирање на граѓанско учество и волонтерство во поширока Европа"** која ќе се одржи на 03 и 04 март (среда и четврток) 2009 година со почеток во 09.30 часот, во Хотел Карпош, Скопје.

Конференцијата ќе го одбележи почетокот на едногодишната иницијатива финансиски поддржана од **Европската Комисија**. Проектот е дизајниран да се осврне на прашањето на премостување на јазот помеѓу граѓаните и властите на иновативен начин. Целта на конференцијата е да се развие дебата околу промоцијата на активното граѓанско учество и учеството на граѓаните во донесувањето на одлуки преку користење на информациски и комуникациски технологии и предизвиците на ИКТ. Проектот Е-панели ќе се спроведува до декември 2010 г. во шест земји во Европа, вклучувајќи ја и Македонија од шест партнер-организации ("Maison de l'Europe" од Каен, Франција, "FIB" од Шпанија, "Association for European Partnership" од Бугарија, Локални агенции за демократија од Осијек и Сисак, Хрватска, "Horizont" од Албанија и ЦРИС Студиорум како партнерска организација од Република Македонија).

Овој проект е организиран во синергија со програмата за децентрализирана соработка меѓу францускиот регион Долна Нормандија и Македонија. Асоцијацијата на Агенции за Локална Демократија (АЛДА) е главен координатор на проектот. АЛДА ги промовира човековите права, демократијата, локалниот развој и граѓанското учество во процесот на донесување на одлуки.

Конференцијата ќе ја отворат г-дин **Добрица Миловановиќ**, Потпретседател на АЛДА и Заменик градоначалник на Крагуевац, г-ѓа **Неда Милевска-Костова,** извршен директор на ЦРИС "Студиорум", г-дин **Келменд Зајази**, извршен директор на НАЛАС и г-дин **Бардил Јашари**, извршен директор на Метаморфозис. Учесници на конференцијата ќе бидат и претставници на општините и невладините организации кои учествуваа во Пилот обуката за активно граѓанско учество кои ЦРИС Студиорум ги спроведуваше во 2009 година во четири општини.

**За организаторите**
Центарот за регионални истражувања и соработка „Студиорум" е невладин тинк-тенк кој работи на економските и социјалните аспекти на европската интеграција и процесите на глобализација кои се од значење за нашата земја и земјите на Југоисточна Европа. Оваа мисија се остварува преку различни програми насочени кои јавните политики и истражувачки проекти кои придонесуваат кон и се комплементарни со креирањето на јавните политики и нивна имплементација, и воедно служат како поддршка кои централната и локалните власти, бизнис заедницата и невладиниот сектор во нивната комуникација и соработка.
АЛДА.